ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје,јуни 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: / E pranuar: | 24. 06. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njësia Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| 08 | 3644/1 | | |

ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со Законот за пензиско и инвалидско осигурување се уредува задолжителното пензиско и инвалидско осигурување, опфатот на осигуреници, правата кои се остваруваат од ова осигурување, матичната евиденција на осигурениците и корисниците на права од пензиското и инвалидското осигурување, основите на капиталното финансирано пензиско осигурување, како и посебните услови под кои одделни категории на осигуреници ги остваруваат правата од пензиското и инвалидското осигурување. Системот на пензиското и инвалидското осигурување во Република Северна Македонија е составен од:

- задолжително пензиско и инвалидско осигурување врз основа на генерациска солидарност - прв столб,

- задолжително капитално финансирано пензиско осигурување - втор столб и

- доброволно капитално финансирано пензиско осигурување - трет столб.

Права од пензиско и инвалидско осигурување се: 1) право на старосна пензија; 2) право на инвалидска пензија; 3) право на професионална рехабилитација и права на соодветни парични надоместоци; 4) право на семејна пензија; 5) право на паричен надоместок за телесно оштетување и 6) право на најнизок износ на пензија. Пензиски стаж (или пензиско осигурување) претставува вкупното време што едно лице го има поминато во работа или активност за која се плаќа придонес за пензиско и инвалидско осигурување. Тој е еден од главните фактори што се земаат предвид при остварување право на пензија.

Во главата IX од Законот за пензиското и инвалидското осигурување регулирано е што преставува пензиски стаж врз основа на кој се стекнуваат и остваруваат правата од пензиското и инвалидското осигурување.

Во нашата држава осигуреникот стекнува право на старосна пензија кога ќе наполни 64 години живот (маж), односно 62 години живот (жена) и најмалку 15 години пензиски стаж. Познато е дека значителен број граѓани се соочуваат со недостаток на стаж, особено поради непријавена работа или неплатени придонеси во минатото. Во пракса нашите граѓани се соочуваат со проблеми односно неможност да остварат право за користење на старосната пензија, односно имаат недостиг на работен стаж во траење од 2 години или помалку. Од овие причини го поднесуваме овој Предлог закон, да им дадеме право на лицата, нашите граѓани,

да можат да откупат дел од стажот на максимален период од 24 месеци со цел остварување на правото на стросна пензија.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предлог законот се темели на истите начела на кои се темели Законот за пензиско и инвалидско осигурување и со истиот им се дава можност на осигурениците да можат да откупат стаж во должина од максимален временски период од 24 месеци.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог законот не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не е потребно обезбедување дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен закон, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија се предлага овој закон да се донесе по скратена постапка.

.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 98/12, 166/12, 15/13, 53/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 27/18, 35/18, 220/18, 245/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ број 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23, 193/24 и 75/25) по членот 107-ѕ се додава нов наслов и нов член 107-и кој гласи:

„ Право за откуп на пензиски стаж

107-и

(1) Осигуреник може да откупи пензиски стаж за период за кој не бил во осигурување, во траење од најмногу 24 месеци, еднократно или во повеќе наврати само доколку за истиот период не постои основ за задолжително пензиско и инвалидско осигурување врз основа на работен однос, самостојна дејност или друг основ предвиден со овој закон и истиот не може да го надмине минимум пропишаниот услов за пензија од 15 години пензиски стаж.

(2) Осигуреник може да откупи пензиски стаж за период за кој не бил во осигурување за периодот заклучно до 31 декември 2020 година.

(3) За откупениот пензиски стаж од ставот (1) на овој член, осигуреникот самостојно го плаќа придонесот за пензиско и инвалидско осигурување по стапките утврдени согласно закон, врз основа на најниската месечна основица за пресметка на придонеси, која важела во месецот кога се поднесува барањето за откуп.

(4) Барањето за откуп на пензиски стаж се поднесува до Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија. Фондот го одобрува откупот по претходна проверка дека за наведениот период не постои евидентирано осигурување.

(5) Откупениот стаж од овој член се смета како пензиски стаж со право на пензија, но не се смета за стаж со зголемено траење ниту за бенефициран стаж.

(6) Формата и содржината на барањето од ставот (3) на овој член ги пропишува министерот за социјална политика, демографија и млади, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија.“.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлог на законот содржи 2 члена.

Со член 1 од Предлог законот за дополнување на пензиско и инвалидското осигурување се предвидува да им се овозможи на лица кои не биле во работен однос да можат дополнително да се стекнат со правото на пензија, како и да се зајакне принципот на индивидуална одговорност и социјална сигурност, со предложениот закон се предвидува воведување на нова правна можност, откуп на пензиски стаж, за период кој не е опфатен со задолжително осигурување, во времетраење од најмногу 24 месеци кој не може да го премине законски пропишаниот минимум од 15 години.

Со член  2 е уредено влегувањето во сила на законот.

II. МЕЃУСЕБНАТА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби од овој Предлог закон се меѓусебно поврзани, како такви сочинуваат една правна целина и се применливи.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Согласно позитивната законска регулатива, правото на пензија се заснова на пензискиот стаж и на возраста на осигуреникот. Меѓутоа, голем број лица во Република Северна Македонија, поради прекини во работниот однос, несоодветна вклученост во формалната економија или престој во странство, имаат периоди во својата работна биографија кои не се опфатени со задолжително пензиско и инвалидско осигурување. Овие празнини често претставуваат пречка за навремено стекнување право на старосна или предвремена пензија.

Со предложеното законско решение ќе се олесни пристапот до пензија и ќе им се помогне на лицата  кои не ги исполнуваат критериумите за старосна пензија

само поради недостиг од  1 до 2 години стаж и покрај исполнетиот услов за возраста.